# Проектна политика за животната и социјалната средина

*Визија: Тхор Импекс е посветен на развојот на обновлива енергија од ветер на начин што го ограничува влијанието врз животната средина, биолошката разновидност и интересите на локалната заедница.*

Клучни обврски: При развојот на овој проект Тхор Импекс ќе се стреми:

1. Да го развие проектот во согласност со следниве еколошки и социјални барања:
   - применливите национални закони за животна средина, здравјето, безбедноста и трудот, како и сите стандарди утврдени во нив;
   - стандардите за изведба на Меѓународната финансиска корпорација во однос на одржливота на животната и социјалната средина; и
   - добра меѓународна пракса во индустријата за енергетски проекти за ветер
2. Да ги земе предвид локацијата, поставувањето, проектното решение и активностите на проектот со цел за да се избегнат или минимизираат негативните влијанија врз природната животна средина и другите намени на земјиштето.
3. Да ги минимизира еколошките и социјалните ризици на проектот со преземање на темелна проценка на влијанијата и ризиците од проектот во согласност со барањата на националното законодавство и меѓународните финансиски институции.
4. Да спроведе мерки за избегнување, минимизирање или ублажување на неповолните еколошки и социјални ризици и да ги документира активностите во Планот за управување со животната и социјалната средина.
5. Да ја следи состојбата на таквите активности и контролни мерки со цел да се минимизира влијанието врз животната средина, биодиверзитетот и заедницата, како и да се оцени напредокот во текот на целиот животен циклус на проектот со цел да се подобри разбирањето на влијанијата на проектот.
6. Да оствари контакт со локалните заедници и засегнатите страни и да обезбеди соодветни можности за информирано учество на сите засегнати страни во формулирањето и спроведувањето на проектот.
7. Да воспостави транспарентен и достапен механизам за пријавување проблеми и поплаки од страна на заедницата и засегнатите страни и нивно решавање на брз, фер и конзистентен начин.
8. Да ги интегрира можностите за учество на ранливите групи и да ги зајакне локалните заедници и жените да остварат корист од проектот.
9. Да нема нето загуба на биодиверзитетот, да се намалат влијанијата врз видовите и да се создадат и зајакнат живеалиштата.
10. Да ги избегне и каде избегнувањето не е возможно, да ги минимизира или намали влијанијата врз сопствениците на имот во непосредна близина, учесниците во сообраќајот и дивиот свет од треперењето на сенки од турбините, прекумерната бучава, интерференцијата со телевизиските и радио сигналите, модификациите на вегетациската почва и живеалиштата, опасностите од удари за птиците и лилјаците, како и поддршка на заедницата за промовирање на можностите за развој.

| | |
|---|---|
| **Одобрено на:** 21/6/21 | **Б. Лазаревски**<br>**Директор на проектот**<br>**Тхор Импекс доо** |

Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС СКОПЈЕ експорт-импорт ДОО